**Известување за концентрација со која Опен Пас Лимитед, Малта ќе стекне контрола над Фортенова Груп МидКо Б.В, Холандија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 15.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на контрола од страна на Опен Пас Лимитед, со регистрирано седиште на 53 канцеларија 2, Сир Адриан Дингли Стрит, Слиема Слм 1902, Малта над Групација Фортенова МидКо Б.В. со регистирано седиште на Херикербергвер 238, Лунан Арена, 1101 ЦМ Амстердам, Постбус 23393, 1100ДВ Амстердам, Холандија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Опен Пас Лимитед** врши дејност на холдинг друштво и истото нема поврзани друштва регистрирани во Република Северна Македонија, ниту пак генерира приход од обезбедување на стоки и услуги на потрошувачи на територијата на Република Северна Македонија.

**Групација Фортенова МидКо Б.В.** е холдинг друштво преку кое се одржува деловниот потфат на Фортенова Групацијата, која се состои од деловните активности на ФОРТЕНОВА ГРУПА д.д., со регистрирано седиште на ул. Маријана Чавича бр.1, Загреб, Хрватска (и неговите поврзани друштва ("Фортенова Групацијата").

Фортенова Групацијата е активна во повеќе различни сектори и ги врши своите активности преку голем број поврзани друштва, од кои секое работи под различен бренд. Примарната дејност на Фортенова Групацијата е претежно производство и снабдување со храна и пијалоци, како и на малопродажба на намирници/дневни производи за потрошувачка. Работи на три основни бизнис сегменти (i) земјоделски сегмент, кој ги опфаќа активностите на Фортенова Групацијата во производството на житни култури, масни култури, сирење, свежо овошје и зеленчук, како и работењето на сточарски фарми; (ii) сегментот за производство и снабдување со храна, кој вклучува производство и снабдување со минерална вода, месо, масло, маргарин и мајонез; и (iii) сегментот на малопродажба, кој опфаќа снабдување на мало и големо со намирници/дневни производи за широка потрошувачка. Во ограничен обем, се занимава и со разни, помошни активности, имено во секторите на енергија и недвижности.

Во Република Северна Македонија, Фортенова Групацијата во суштина снабдува, преку дистрибутери на трети лица, некои прехранбени производи, производи за општа потрошувачка и пијалоци (вклучувајќи масла за јадење, свежо и преработено месо, зачини

и ладни сосови, сирење, растителни масти, безалкохолни пијалоци и какао - пијалоци на база).

Мерцатор МК е зависно друштво на Фортенова Групацијата регистрирано во Република Северна Македонија. Регистрираната приоритетна дејност на Мерцатор МК е трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна пијалаци и тутун, но повеќе не е комерцијално активно и е во постапка за ликвидација.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека дефинијата за истиот би можела да биде пазарот за неспецијализирана трговија на мало со прехранбени производи и стоки за општа потрошувачка.

По однос на **релевантниот географски пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот смета дека истиот е најмалку областа што ги опфаќа сите потрошувачи кои се на оддалеченост од 20 до 30 минути возење до продавница.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

15.12.2023 година, Скопје